# ЗАПИСНИК
# ОД РАБОТЕН СОСТАНОК

Работниот состанок на работната група согласно Решение бр. 02-6903/1 од 07.10.2022 година за усогласување на текстот на Предлог-Законот за вработените во Министерство за одбрана се одржа на 18.10.2022 година во просториите на Дом на Армија со почеток во 14:00 часот.

На работниот состанок присуствуваа:

**Владимир Анчев, државен секретар** - претседател на работната група,
**Никола Атанасовски, кабинетски службеник** – член на работната група,
**Ирена Станковска, раководител на одделение од Секторот човечки ресурси** - член на работната група;
**Никица Јовановска, раководител на одделение од Секторот човечки ресурси** - член на работната група;
**Кети Ристеска, раководител на одделение од Секторот за политика и планирање** – член на работната група;
**Емилија Ралева, раководител на одделение од Сектор за правни работи** – член на работната група;
**Сузана Симовска, раководител одделение од Сектор финансии** - член на работната група;
**Елена Иванова, советник од Сектор човечки ресурси -** член на работната група;
**Даме Томески,** претставник на репрезантативниот синдикат на ниво на работодавач – Независниот Синдикат на Одбраната;
**Петар Богучевски**, претставник од Министерството за информатичко општество и администрација;
**Фестим Алими**, претставник од Министерството за финансии;
**Искра Белчева,** претставник од цеентар за управување со промени;
**Јулијана Караи,** претставник од Институтот за европски политики;
**Билјана Поповска**, претставник од Џорџ К. Маршал, Алумни асоцијација на Република Северна Македонија;
**Емилија Петровска,** помлад соработник од Сектор за поддршка на министерот – секретар/ администратор на работна група

Работниот состанок го отвори и со него раководеше претседателот на работната група.

Претседателот на работната група во воведните зборови образложи зошто е потребно донесување на овој закон и фазите низ кои поминал Предлог – Законот и што следи во иднина.

По воведните зборови, Претседателот на работната група и даде збор на Кети Ристеска, која преку презентација објасни: зошто е потребен нов закон, кои се основи за негово донесување и кои финансиски импликации следат. Во таа насока беше истакнато дека потребата за новото законско решение произлегува од::

1. Систем на национална безбедност
2. Посебни обврски и задолженија во одбраната
3. Обврски од членството во НАТО
4. Комбинирана структура

Согласно системот за безбедност сите лица кои работат со класифицирани информации подлежат на безбедносни проверки што е случај и со вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст министерство).

Во однос на втората точка како посебни обврски и задолженија во одбраната се упати дека се дејствува во случај на одговор при кризна, вонредна или воена состојба во државата, што не е случај со другите административни службеници, а притоа вработените во Министерството се главен носител на системот за одбрана на државата, контрола над вооружените сили, безбедносни проверки и национални безбедносни сертификати, а покрај тоа дополнително вработените во одбраната се исклучени со одредбите од Изборниот Законик. Како обврски кон произлегоа со членството во НАТО, а за кои постои обврска за вработените во Министерството за одбрана се: НАТО процесот на одбранбено планирање, придонес во колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност,безбедносни проверки и НАТО безбедносни сертификати,учество во работата на комитетите и работните тела на НАТО, пополнувањето на местата во структурата на НАТО, учество во мисии и опеарции надвор од територијата на Републиката,англискиот јазик согласно НАТО стандардите (STANAG 6001) и меѓународната соработка во делот на одбраната.

Во делот на комбинираната структура таа објасни дека во Министерството под исти услови, на исти работни места работат воен и цивилен (административен) персонал.

Како основи за донесување на предложеното законско решение (Закон за вработените во Министерство за одбрана) се: Стратешкиот Одбранбен Преглед (СОП) 2018, Стратегија за одбрана 2020, Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019-2028, Стратегијата за управување со човечки ресурси во министерство и Заклучок на Влада (63-седница) од 20 јули 2022 г.

Таа накратко даде објаснување и што содржи Предлог- Законот за вработените во Министерство за одбрана, односно кои се новините што се предвидуваат, правата и обврските на вработените. Имено, вработените ќе добијат статус на овластени службени лица, систематизацијата на работните места во министерството ќе ја донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија (досега само Министерот), се создава можност за привлекување на персонал од критични специјалности, кои се дефицитарни на пазарот на трудот и недостасуваат за извршување на функционалните задачи во министерството, се создаваат услови за развој во кариера – преку утврдени стандарди и воведување на Овластени одбори за водење во кариера, се надминуваат ограничувањата за соодветно управување со ефектот на учинокот и оценување, кои се присутни со Законот за административни службеници, се регулираат спецификите во однос на поседувањето на соодветни безбедносни сертификати, се регулира статусот на вработените во министерството и Армијата кои се упатени на работа во странство – за што досегашната регулатива не ја регулирало во целост предметната материја и воведување нов систем на плати и надоместоци (бенефиции).

На крај од презентацијата беа претставени фискалните импликации, согласно кои се нагласи дека имплементацијата на Предлог- Законот нема да предизвика отстапувања од проекциите во буџетот за одбрана за 2023, 2024 и потоа, туку само ќе донесе пореална распределба на средствата. Воедно, ќе се задржи и структурата на буџетот за одбрана, согласно стандардите на НАТО.

Во текот на презентацијата имаше конструктивна дискусија од страна на претставниците од невладиниот сектор преку поставување на прашања и барања за појаснување со која интеракција и учество на сите присутни се обезбеди појасна слика за содржината на предметното законско решение и уште еднаш

се потврди потребата од негово донесување, но останува да се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на административните службеници со цел да бидат во духот на постојниот Закон за административни службеници, но и Закон за административни службеници којшто е во фаза на подготовка. Сепак значајно е овие прашања да бидат разгледани и од Советот за Реформа на јавна администрација имајќи предвид дека во тек се измени на Закон за административни службеници, Закон за вработени во јавен сектор, Закон за високо раководна служба, а и Закон за организација на органите на државната управа. Претставниците на невладиниот сектор нагласија дека ставот на Европска комисија е да не се нарушува опфатот на Закон за административни службеници .

Претставниците од Министерствата за Финансии и Министерството за информатичко општество и администрација се заблагодарија за поканата и учеството во дискусијата и во таа насока:

Фестим Алими од Министерството за финансии даде свое видување на Предлог- Законот и кажа дека фискалните импликации се во согласност со Буџетот за 2023 година и извести дека во Министерството за финансии е формирана работна група која до крај на 2022 година ќе донесе нова методологија за плати.

Петар Богучевски, претставник од Министерството за информатичко општество и администрација истакна дека како претставник на Министерството за информатичко општество и администрација останува на ставот кој претходно го имаат дадено. Од причина што во процес на донесување се нов Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавен сектор. Со новите закони не се предвидени исклучоци, односно со Закон за вработени во јавен сектор е предвидено дека истиот се применува и за вработените во Министерство за одбрана, освен за прашања кои не се уредени со истиот. Во поглед на административните службеници, тој напомена дека со новиот Закон за административни службеници исто така не се предвидени исклучоци и истиот ќе важи за сите административни службеници и единствен исклучок е предвиден за прашањата кои не се уредени со новиот Закон за административни службеници, да бидат уредени со посебен закон и колективен договор со кои вработените во Одбраната ќе бидат иземени.

Претставниците на невладиниот сектор ја поздравија иницијативата за носење на нов закон и дадоа насоки во однос на транспарентноста (објавување на записниците од одржаните работни состаноци и организирање на јавна расправа на која пошироката јавност ќе може да се запознае со планираните измени.

**Бидејќи по исцрпната дискусија никој не побара дополнително збор, претседателот на работната група ги задолжи надворешните претставници до 28.10.2022 година да дадат свои коментари по Предлог-Законот, како и да дадат сугестии за организирање на јавна расправа во почетокот на месец ноември (втора недела), со цел донесување на Законот за вработените во Министерство за одбрана до крајот на 2022 година и негова имплементација во текот на 2023 година.**

**Работниот состанок заврши во 18:00 часот.**

Број 02-6903/2
26-10-2022 2022
СКОПЈЕ

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РАБОТНА ГРУПА**
**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Владимир Анчев**